**201101002394**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита од пушењето,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2011 година.

Бр. 07 - 3117/1
18 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08 и 35/10), во членот 8 се додава нов став 4, кој гласи:

„Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека во јавните простории од членот 2 став 1 точка 10 на овој закон се пуши ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во траење од седум дена за трговец поединец и 15 дена за правно лице."

Член 2

Државните инспектори од членот 7 на овој закон изготвуваат квартални извештаи за утврдените неправилности кај физичките и правните лица, и овие извештаи ги објавуваат на веб страницата на Инспекторатот.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .